ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48 и член 50 и член 51 став 4 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката на ден 5.4.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

### Член 1

За независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје, за период од 4 (четири) години сметано од 26.6.2022 година, се именува ___________________________.

### Член 2

На именуваниот член на Надзорниот одбор му се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во износ од 45.000 денари.

### Член 3

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

___________________

**О б р а з л о ж е н и е**

**кон Предлог - одлуката за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 7 члена, избрани во постапка и услови во согласност со закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Во согласност со член 40 став 1 алинеја 8, член 50 и член 51 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, членовите на Надзорниот одбор ги именува Собранието на акционери на Банката. Нивниот мандат трае 4 години сметано од денот на назначувањето и им припаѓа награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор.

Со Одлука на Собранието на акционери на Банката бр. 02-3270/9 од 30.3.2018 година, донесена на седницата одржана на ден 30.3.2018 година, Златко Черепналкоски беше именуван за член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години, почнувајќи од 25.6.2018 година.

Имајќи предвид дека мандатот за кој е именуван членот на Надзорниот одбор Златко Черепналкоски истекува, се предлага Собранието на Банката да донесе Одлука за именување независен член на Надзорниот одбор на Банката со период од 4 (четири) години, сметано од 26.6.2022 година.

Исто така, во согласност со член 50 од Статутот на Банката, на членовите на Надзорниот одбор им припаѓа награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор, па се предлага таа награда да биде определена и за новоименуваниот член.

Заради сето погоре наведено се јавува потреба за донесување на предметната Одлука за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје.

**ТТК Банка АД Скопје**

**Надзорен одбор**

**М И С Л Е Њ Е**

**на Надзорниот одбор за именување член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 7 члена, избрани во постапка и услови во согласност со закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Со Одлука на Собранието на Банката бр. 02-3270/9 од 30.3.2018 година, донесена на седницата одржана на ден 30.3.2018 година, Златко Черепналкоски беше именуван за член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години, почнувајќи од 25.6.2018 година.

Имајќи предвид дека мандатот за кој е именуван членот на Надзорниот одбор Златко Черепналкоски истекува, се предлага Собранието на Банката да донесе Одлука за именување независен член на Надзорниот одбор на Банката со период од 4 (четири) години, сметано од 26.6.2022 година, како и подготовка и поднесување на целокупната документација за добивање претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Во согласност со член 388-б од Законот за трговските друштва за точките каде што нема предлог-одлука за донесување, потребно е овластен орган или тело на Банката да даде мислење коешто ќе биде објавено на интернет-страницата на Банката.

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, предлог - одлуката за именување независен член на Надзорен одбор треба да се достави во рок од 8 дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на Собранието.

Во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговските друштва, податоците на кандидатот за член на Надзорниот одбор треба да се достават до акционерите најдоцна 7 дена пред датумот на одржување на седницата на Собранието на акционери. Податоците ќе бидат објавени на официјалната интернет-страница на Банката www.ttk.com.mk.

Скопје, 28.2.2022 година

НАДЗОРЕН ОДБОР